Дневни биттени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 10.05.2023

На 09.05.2023 во 08.15 часот кај Железничката станица Неготино, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Михајлово при Регионалниот центар Југ го лишиле од слобода А.Г.(39) од Богданци. При преглед во патничкото возило „ауди", кое го управувал со регистрациски таблички од друго возило, пронајдени се 11 лица мигранти од Сирија, од кои четири малолетници. Имено, претходно, тој бил забележан на регионален пат Демир Капија-Неготино, кај с.Тремник, но не застанал со возилото на даден знак од полициски службеник и се обидел да побегне, но набрзо бил фатен и лишен од слобода. А.Г. бил задржан во полициска станица, возилото било одземено, а мигрантите биле сместени во приватно-транзитен центар. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.05.2023 околу 16.00 часот, со судска наредба, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле 53-годишниот Ч.М. од гостиварски Градец за издржување на затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово за издржување на казната.

На 09.05.2023 околу 20.00 часот пред казино лоцирано на улица „Нико Нестор" во Струга, полициски службеници од ОВР Струга го лишиле од слобода Р.Т.(20) од Струга затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.05.2023 во 12.20 часот во населбата Точила во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп ги привеле К.М.(42) и Е.Ч.(36), двајцата од Република Албанија, затоа што, при извршена контрола заедно со Државен инспекторат за труд на градилиште на станбена зграда, биле затекнати при вршење работни задачи без дозвола. Тие биле задржани во полициска станица за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (09.05.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 163 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 54 санкции, четири мерки за непропишто престигнување, 14 мерки за возење без возачка дозвола. Изречени се четири санкции за некористење сигурносен појас, четири санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила....

Во текот на вчерашниот ден (09.05.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 140 возачи. Од нив, осум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 88 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 52 надвор од населено место.

На 09.05.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 13 прекршоци, од кои 9 во населено место и 4 надвор од населено место. Санкционирани биле и 11 други видови на прекршоци, од кои 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 1 за возач почетник, 1 за некористење сигурносен појас и 2 за непропишто паркирање.

На 10.05.2023 околу 00.40 часот во СВР Велес било пријавено дека на автопатот Скопје – Велес патничко возило „опел корса" со велешки регистарски ознаки, управувано од С.Н.(30) од Велес, излетало од коловозот. Во несреќата, од здобиените повреди С.Н. починал на местото на настанот, а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Со тешки телесни повреди се здобила Б.П.(19) и 16-годишна малолетничка, двете од Велес, констатирани во болницата во Велес. Увид на местото извршиле екипа на СВР Велес и Јавен обвинител по чија наредба телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 09.05.2023 во 21.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Методија Андонов Ченто" во Скопје се случила сообраќајна несреќа во која учествувале патничко возило „фиат пунто" со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.Ј.(27) од Скопје, патничко возило „опел корса" со скопски регистарски ознаки, управувано од П.Ј.(44) од Скопје и пешакот А.Д.(38) од Скопје. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил А.Д., констатиран во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 09.05.2023 во 12.30 часот во Полициската станица Аеродром, З.Р.(57) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 09.05.2023 во 20.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Е.М.(28) од Скопје пријавил дека на ул.„Методија Андонов Ченто" бил каснат од куче скитник.

На 09.05.2023 во СВР Битола, А.Ј.(56) од Битола пријавил дека на Градското шеталиште во Битола бил каснат од куче скитник.

На 09.05.2023 во ОВР Прилеп, М.А.(39) од Битола пријавил дека во населба Тризла во Прилеп бил каснат од куче скитник.

На 09.05.2023 во 14.47 часот во Полициската станица Делчево било пријавено дека на магистралниот пат Делчево-Македонска Каменица, атар на с.Очипала, се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „мерседес" со скопски регистарски ознаки, управувано од И.А.(22) од с.Студеничани, скопско и товарно возило „ман" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.И.(64) од Македонска Каменица. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил М.И., констатиран во Клиничка болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Делчево.

На 09.05.2023 во 02.50 часот во СВР Скопје, М.Т.(19) од Злетово пријавила дека околу 01.00 часот во Комплексот клиники „Мајка Тереза", додека ѝ била пружана лекарска услуга, ѝ биле одземени пари од паричник, што ѝ бил во јакната што ја оставила во близина. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во текот на вчерашниот ден (09.05.2023) во периодот од 10.00 до 16.00 часот од страна на секторите за внатрешни работи и патролни тимови составени од полициски службеници од Одделот за униформирана полиција, спроведена е акциска контрола во областа на сообраќајот на територијата на цела држава, при што изречени се 376 санкции за сообраќајни прекршоци. При контролата, санкционирани се 21 возачи за возење без возачка дозвола, а три возила биле со неисправен уред за сопирање... На вонреден технички преглед биле упатени 58 возила, а кај 10 биле констатирани технички неисправности.

На 09.05.2023 од 14.00 до 20.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово спроведена е акциска контрола во која биле откриени и санкционирани 2 технички неисправни возила (ТЕ-1 и ГВ-1), кои имале неисправни сопирачки (ТЕ) и уред за управување (ГВ). Двете неисправни возила веднаш се исклучени од сообраќај и на возачите изготвени им се поднесоци. Санкции биле изречени и на 1 возач (ТЕ) кој управувал возило без возачка дозвола, 1 возач (ГВ) со важечка забрана за управување возило и 13 други видови прекршоци (ТЕ-12 и ГВ-1) кои се однесуваше на возачи. При контролата, исто така, откриени се и 17 (ТЕ) непропишто паркирани возила, како и 2 други видови сообраќајни прекршоци (ГВ).

Во рамки на спроведената акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз, вчера (09.05.2023) околу 07.30 часот на улица „Маршал Тито" во Тетово запрено е патничко моторно возило „мерседес спринтер" со тетовски регистарски ознаки, управувано од 40-годишниот С.А. од тетовско Подбреѓе. Возилото било управувано без потребните документи за вршење на јавен превоз и на возачот ќе му биде изготвен поднесок по член 284-а од Кривичниот законик.

На 09.05.2023 во 13.40 часот во СВР Тетово било пријавено дека на 06.05.2023 на улица „Струшка" во Тетово, патничко возило, движејќи се наназад, удрило во 62-годишниот Р.И. од тетовско Ѓермо. Притоа, тој се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во тетовската Клиничка болница, каде бил пренесен за укажување на лекарска помош .Увид извршила екипа од СВР Тетово.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против С.Ш.(44) од струшкото село Заграчани поради постоење основано сомнение за сторено кривично дел „бесправно градење". Тој, во текот на март 2023 година, во својство на инвеститор, на катастарска парцела во Струга, без соодветна документација и одобрение од надлежен државен орган, неовластено извршил градба на станбен објект, а потоа извршил и доградба. Од извршениот инспекциски надзор донесено е решение со кое на инвеститорот му се наложува да ја отстрани започнатата градба и доградба на објектите.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против С.Р. (27) од селото Јеловјане, општина Боговиње и С.М.(25) од Кичево поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При претрес, извршен по судска наредба, на 07.05.2023 во домот на С.М., каде бил и С.Р., полициските службеници пронашле и одзеле марихуана.

Денеска (10.05) полициски службеници од СВР Тетово, во присуство на психолог, педагог и родители извршиле службен разговор со 11-годишна малолетничка и 11-годишен малолетник, поступувајќи по претходна пријава дека во тоалет во основното училиште во кое учат, оставиле лист хартија со имиња на ученици и закани. Известен е Центарот за социјални работи и јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот

На 09.05.2023 во 15.20 часот, полициски службеници од Полициската станица Чаир го лишиле од слобода А.С.(21) од скопско затоа што во домот во скопско село физички ја нападнал неговата невенчана сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветна пријава.

На 09.05.2023 во 18.00 часот во СВР Скопје, К.К.(40) пријавил дека околу 16.00 часот на паркинг простор на ул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" во Скопје, по претходна расправија, едно лице му се заканувало со пиштол. Во врска со настанот во полициска станица бил извршен службен разговор со едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.05.2023 во 14.40 часот во СВР Скопје, Б.Д.(58) од Скопје пријавил дека околу 09.30 часот во пазарот на Бит Пазар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од И.М.(67) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 09.05.2023 во 15.00 часот во СВР Скопје, Е.С.(73) од Скопје пријавил дека на 28.04.2023 на подрачје на Бит Пазар бил физички нападнат од Д.Н., кој му се заканил и со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.05.2023 во 15.50 часот во СВР Скопје, Б.Е. пријавил дека околу 12.00 часот во круг на училиште на подрачје на Чаир неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.05.2023 во СВР Скопје, Д.Ч.(23) од Берово пријавил околу 01.00 часот на средно Водно, додека бил со негова другарка, бил физички нападнат од неколку лица, од кои едно од нив го удрило со пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.05.2023 во 12.20 часот во СВР Скопје, В.Т.(39) од Скопје пријавила дека на 03.05.2023 околу 07.40 часот на подрачјето на Кисела Вода, по претходно недоразбирање во сообраќајот, едно лице со остар предмет и се заканувал на неа и на уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.05.2023 во 14.30 часот во СВР Скопје, С.Б.(54) од Велес пријавила дека на 08.05.2023 околу 18.00 часот во интернат на подрачјето на Карпош нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од четири лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.05.2023, полициски службеници извршиле службен разговор со А.Р.(19) и А.З.(20), двајцата од Куманово, затоа што претходно била затекнати додека питачеле на булеварот „Октомвриска револуција" во Куманово. На двајцата им се поднесени соодветни поднесоци.

На 09.05.2023 околу 16.50 часот во СВР Скопје, Ш.Ц пријавил дека во с.Визбегово, скопско, две лица, кои ги познавал, физички го нападнале и му го одзеле неговото патничко возило „сеат леон". Во 20 часот возилото било пронајдено во селото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.05.2023 во 10.30 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување на деца-Козле било пријавено дека од установата се одделечил нивниот штитеник Р.Ц.М.(16), кој и претходно се одделечувал и бил враќан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 09.05.2023 во 17.20 часот во СВР Скопје, А.Б. пријавил дека во с.Визбегово, скопско, кон него пукал И.А. и го повредил. Тој бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.05.2023 во 12.10 часот во СВР Тетово, Г.Ј.(40) од Тетово пријавил дека на улица „Благоја Тоска" во Тетово бил каснат од куче скитник.

На 09.05.2023 во ОВР Прилеп, Д.Ц.(73) од с.Небрегово, прилепско, пријавила дека на ул.„Илинденска" во Прилеп била касната од куче скитник.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Ѓ.Ч.(53) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувани материи". На 26.08.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавуваниот во с.Витолиште, прилепско, при што пронашле и одзеле муниција за ловечки пушки.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет